**Самоевалуација на училиштето: ОУ ”Братство-Единство„ - с. Средно Коњари,Петровец**

**Подрачје: 1 Наставни планови и програми**

# 1. Наставни планови и програми

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

## 1.3. Воннаставни активности

# *Самоевалуација на ОУ„Братство Единство“ с.Средно Коњари - Петровец*

**Самоевалуација на училиштето: ОУ “Братство Единство” - с. Средно Коњари Петровец**

**Подрачје 1: Наставни планови и програми**

| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
|---|---|
| **1.1**<br><br>**Годишна програма за работа на училиштето** | **1.1.1**<br>Од годишната програма на училиштето може да се види како е планирана целокупната работа на училиштето: редовната настава, изборни предмети, дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности, учество на натпревари, реализација на проекти во училиштето, стручни активи, стручно усовршување на наставниците преку семинари курсеви и слично. |
| **1.1**<br><br>**Наставни планови и програми 2018/2019** | **1.1.1**<br>Наставниот план е училишен документ во кој во форма на табела се прикажани:<br>• наставните предмети (задолжителни и изборни) редоследно како што се изучуваат по одделенија;<br>• неделниот и годишниот број на часови за секој наставен предмет.<br>Наставната програма е училиштен документ со кој се уредуваат целите, наставните подрачја, теми и содржини, образовните стандарди и профилот на наставникот кој ја реализира наставната програма.<br>Наставната програма е конкретизација на наставниот план. Затоа тие се во единство. Нема наставен план без наставна програма, ниту наставна програма без наставен план.<br>Наставната програма е многу поопширна од наставниот план.<br>Наставните програми се изработуваат според модел за програми кој го донесува министерот на предлог на Бирото за развој на образованието. Во моделот се утврдува и флексибилноста во реализацијата на наставните подрачја и теми.<br>Со плановите и програмите се утврдуваат и другите форми на воспитно – образовната дејност.<br>Секоја учебна година во училиштето МОН доставува Наставен план за деветгодишно образование, и според него во целост се планира и реализира наставата во пропишаниот обем.<br>Во нашето училиште, Наставните планови и програми од Министерството за образование и наука (Биро за развој на образованието) за учебните 2017/2018,2018/2019; 2019/2020; година се доставени по сите предмети и одделенија и истите им се достапни на наставниците. Редовно |

| | |
|---|---|
| | преку стручната служба во училиштето, наставниците се информираат за измените и дополнувањата доколку ги има, пред нивната примена. |
| **1.1**<br>**Наставен план за деветгодишно образование** | **1.1.1**<br>Во училиштето целосно се изготвени Наставните планови и програми за деветгодишното планирање, кои се во склоп на Годишната програма на училиштето. |
| **1.1**<br>**Записници од стручни увиди од одговорни советници и инспекциски служби.** | **1.1.1**<br>Училиштето е редовно посетувано од одговорниот советник од БРОМ, од државниот просветен инспектор како и од другите надлежни инспекциски служби во врска со начинот на реализација на Наставните планови и програми. Констатирано е дека Наставните планови и програми целосно се имплементирани во воспитно – образовната работа на училиштето. Врз основа на нив сите наставници изготвиле соодветни годишни глобални и тематски планирања. |
| **1.1**<br>**Одделенски дневник за педагошка евиденција** | **1.1.2**<br>На почетокот на секоја учебна година наставниците ги запознаваат учениците и родителите со Наставниот план и програма по секој предмет,но исто така и во текот на целата учебна година континуирано им се истакуваат темите и целите кои треба да се усвојат. |
| **1.1**<br><br>**Програма за соработка со родителите**<br><br>**Записници од Совет на родители** | **1.1.2**<br>Родителите имаат посебно значајно место во нашето училиште. Соработката со родителите е прилично успешна и редовна, а се реализира преку редовните родителски состаноци и секојдневните средби. Посебно значајно место во соработката со училиштето имаат родителите преку Советот на родители на училиштето. Тоа е советодавен орган составен од претставници од родители на учениците од секое одделение, кој се информира, а исто така и одлучува за сите прашања од областа на работењето и функционирањето на училиштето. |
| **1.1**<br>**Годишна програма за работа на училиштето** | **1.1.4**<br>Годишната програма за работа на училиштето ги содржи сите наставни и воннаставни активности кои училиштето треба да ги реализира.<br>Наставните предмети кои ги следат учениците се задолжителни и ги слушаат сите предмети според распоредот на часовите.<br>Но има предмети кои тие ги избираат на почетокот на учебната година. За таа цел наставниците кои се стручни за тие предмети прават анкети, ги информираат учениците и родителите за програмата на истите и според заинтересираноста на учениците се формираат групи на ученици кои ќе ја следат истата. |
| **1.2** | **1.2.1** |

| | |
|---|---|
| **Годишна програма за работа на училиштето** | Нашето училиште е со мешано етничко потекло. Во плановите и програмите на училиштето но, и на одделенските часови се опфаќаат тематики од областа на раководењето, соработката и договарањето меѓу учениците од едно одделение, меѓу одделенија и на ниво на училиште. Истите планови ги приготвуваат директорот, педагогот и одделенските раководители. |
| **1.2**<br>**Годишна програма на училиштето** | **1.2.2**<br>Соработката на училиштето со локалната средина има за цел да го стави во педагошко-дидактичка функција сето она што може да го понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, како и да влијае на подигнувањето на културното и образовното ниво на месното население. Во педагошка смисла тоа подразбира училиштето активно да се вклучи во средината во кое е лоцирано, редовно да ја информира за постигнатите резултати, присутните состојби и проблеми, да ја развива соработката со родителите на сите можни начини, како и со други воспитно-образовни установи и институции од областа на културата, стопанството и разни други органи и организации. |
| **1.2**<br>**Записници од Училишен одбор како орган на управување**<br>**Записници од Совет на родители** | **1.2.2**<br>Од записниците на Училишен одбор се гледа дека наставните планови и програми за работа на училиштето, како и годишната програма се разгледуваат и усвојуваат редовно. |
| **1.2**<br>**Записници од работата на стручните активи во училиштето** | **1.2.3**<br>Стручните органи редовно одржуваат состаноци и разменуваат мислења и искуства во врска со наставните планови и програми.<br>Во училиштето работат три стручни активи:<br>Актив на одделенска настава,<br>Во предметна настава:<br>Актив на јазичари<br>Актив на природно –математичка група<br>За усовршување на наставните планови и програми наставниците на стручните активи разменуваат мислења и обработуваат стручни теми. |

| | |
|---|---|
| **1.3**<br>**Дневник за реализација на воннаставните активности (секции).**<br><br>**Планови и програми за работата на слободните ученички активности;**<br><br>**Годишна програма на училиштето**<br><br>**Одделенски дневници** | **1.3.1**<br>Во училиштето на почетокот на секоја учебна година, во согласност со желбите и условите за работа, учениците се определуваат да членуваат во воннаставни активности. Тие членуваат во следниве активности:<br>- Секции по сите предмети за стекнување и проширување на знаењата по одделни предмети (податоците се запишани во дневниците).<br>- Слободни културно-уметнички активности (рецитаторска секција, литературна секција, драмска секција, новинарска секција, ликовна секција, хор ).<br>- Слободни спортски активности ( фудбал).<br>За секоја од слободните ученички активности е изготвен план и програма за работа, во чие изготвување учество земаат и самите ученици. |
| **1.3**<br>**Дневник за реализација на воннаставните активности (секции).**<br><br>**Одделенски дневници** | **1.3.2**<br>Голем број на ученици се вклучени во некоја од воннаставните активности кои се организираат и реализираат во нашето училиште.<br>Сите овие активности им се подеднакво достапни на сите ученици без разлика на полот или нивната национална припадност. |
| **1.3**<br>**Планови и програми за работата на слободните ученички активности;**<br><br>**Планови и програми за работата на додатната настава и дополнителна настава;** | **1.3.3**<br>За секоја од слободните ученички активности е изготвен план и програма за работа, во чие изготвување учество земаат и самите ученици.<br>За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати организирана е додатна настава по одделни предмети. Овој вид на настава е подеднакво достапен за сите ученици кои во зависност од своите афинитети вршат соодвтен избор. За секоја додатна настава по одделни предмети е изготвен план и програма за работа.<br>За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на материјлот по оддели предмети, во училиштето се организира дополнителна настава. |

| | |
|---|---|
| **1.3**<br>**Освоени награди, дипломи и пофалници;** | **1.3.4**<br>Учениците, со поддршка и помош на наставниците, учествуваат на голем број манифестации и натпревари каде постигнуваат забележителни резултати. Учествуваат на натпревари од различни области, кои се организираат на локално ниво.<br>-Во учебната 2017/18 Учествуваме на натпревар по сообраќај организиран во општина Гази Баба,како и на натпревар за најдобри цртежи , ПП натрпевар организиран од страна на општина Петровец,исто така и хорот на училиштето учествуваше на општински натпревар со освоено прво место и на ниво на град Скопје со освоено второ место<br>-Во учебната 2018/2019година училиштето учествуваше на меѓуопштински натпревар во фудбал ,на хорски смотри и на ниво на општина со освоено трето место<br>- Учениците учествуваа и освоија прво и второ место со ликовни и литературни творби на манифестацијата организирана по повод денот на општината  во Петровец,учество зема и хорот на училиштето со музички нумери на албански,босански и македонски јазик<br>-Во учебната 2018/19 год.на регионален натпревар ,училишниот хор освои второ место,талентираните ученици по ликовни творби освоија второ и трето место на регионален натпревар |

## *Самоевалуација на ОУ„Братство-Единство с.Коњари општина Петровец*

**Самоевалуација на училиштето: ОУ “Братство Единство ” село Средно Коњари - Петровец**

**Подрачје 1: Наставни планови и програми**

| **користени методи за собирање на податоци** | **Учесници во собирање на информации (Реализатори)** | **Собрани информации** |
|---|---|---|
| **1.1**<br><br>**Анкета на наставниците** | 1.Сузана Костовска<br>2.Апостол Атанасовски<br>3.Јован Аџиевски<br>4.Иван Топузовски | **1.1.1**<br>Спроведена е анкета на 24 наставници, од кои 100% се изјасниле дека Наставните планови и програми од Министерството им се достапни на увид и се запознаени со содржината.<br>100% од наставниците ја прилагодуваат, изготвуваат својата Годишна програма според Наставниот план и програма од Министерството за образование и наука.<br>Наставниот план и програм 63,6% од наставниците по своите предмети во целост, а 33,4% делумно ги планираат и прилагодуваат во зависност од средината и условите во училиштето. А 1,89% од наставниците ја реализираат програмата која е доставена од МОН без нејзино менување.<br><br>Од анкетираните наставници вработени во О.У Братсво Единство се добиваат резултати кои укажуваат на фактот дека Наставниот план и програма кој го изготвуваат пред почетокот на секоја учебна година содржи глобално годишно, тематско планирање за сите наставни часови, како и примероци од нагледни часови. Дневните планирања по предмети и одделенија ги изготвуваат 100 % од наставниците. |
| **1.1**<br><br>**Анкета на ученици** | 1.Лидија Реџовиќ<br>2.Јован Аџиевски<br>3.Апостол Атанасовски | **1.1.2**<br>Од 19 анкетирани ученици, во наставата на македонски и албански наставен јазик, на прашањето: Дали наставниците ги запознаваат со НПП – 87,4% одговориле дека во целост се запознаени, а 12,6% делумно се запознаени со истите.<br><br>На учениците им се нудат изборни предмети кои се предложени од МОН. За секое одделение се нудат по 2 изборни предмети, каде учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | преку анкети избираат, заедно со родителите по еден предмет. После добиените резултати се избира предметот каде што има најголем интерес. Секоја учебна година изборните предмети се менуваат.<br>Изборните предмети во наставниот план имаат статус на наставни предмети и се реализираат во неделниот фонд на часови низ различни облици на работа.Изборот на наставни предмети се врши по пат на анкетирање на учениците кои заедно со своите родители одлучуваат според своите интереси.<br><br>Од спроведената анкета на 19 ученици, на прашањето: Дали самостојно одлучуваат за изборниот предмет**?** 86% од анкетираните ученици одговориле дека самостојно одлучуваат за изборниот предмет и во истиот процент се задоволни од предметите што им се понудени да ги избираат. |
| **1.1**<br><br>**Анкета со родители** | 1. Лидија Реџовиќ<br>2.Иван Топузовски<br>3.Апостол Атанасовски | 1.1.2<br>Училиштето т.е. наставниот кадар користи неколку различни процедури и медиуми со цел информираност на родителите и учениците за Наставните планови и програми, но и на сите кои бараат информација за целите на истите.НПП им се достапни на увид на наставниците но не и на родителите и учениците,но затоа секој наставник изнаоѓа начини да ги информира родителите и тоа најчесто на задолжителните родителски средби кои се одржуваат 4 пати во текот на учебната година,по потреба индивидуално со лични средби – усно или писмено.<br>На почетокот на секоја учебна година наставниците ги запознаваат учениците со Наставниот план и програма по секој предмет,но исто така и во текот на целата учебна година континуирано им се истакуваат темите и целите кои треба да се усвојат.<br><br>Анкетирани беа 16 родители, 82% се изјасниле дека се запознаени со наставните планови и програми по сите предмети, а 17,6% делумно се запознаени со истите. |
| **1.1**<br><br>**Интервју со педагог** | 1.Јован Аџиовски<br>2.Апостол Атанасовски | Од интервјуто со педагогот на прашањето:<br>1. Дали Наставните планови и програми се прилагодени на децата со посебни образовни потреби? и<br>2. Дали има и дали се реализираат проширени програми? дојдовме до следниве сознанија: |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Во нашето училиште посебни наставни програми за деца со посебни образовни потреби немаме, туку наставата овие деца ја изведуваат во редовните класови заедно со нивните врсници.Станува збор на мал број ученици со лесни пречки во психичкиот развој за кои наставниците индивидуално го организираат воспитно-образовниот процес согласно видот и степенот на попреченоста, како и нивните можности, интереси и амбиции.Законска и стручна заложба е овие ученици да се образуваат во местото на живеење ,што значи условите да се доближат до нив, а не тие до условите.Децата со посебни потреби не се изолирани од своите врсници туку имаат можност да се доживеат како дел од одделението и колективот. |
| **1.2**<br><br>**Интервју со педагог** | | 1.2.1<br>Националната програма за развој на образованието, се обврзува да преземе мерки за гарантирање еднакви можности во образованието за секој граѓанин, без оглед на родова и етничка припадност. Еднаквите можности се однесуваат пред се́ на еднаквата достапност на образованието за секој жител на Република Македонија.<br>Од интервјуто со педагогот на прашањето за Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала дојдовме до следните сознанија дека:<br><br>Во однос на полова и етничка припадност, во нашето училиште се води сметка на еднаква распределба, подеднакво учество на сите ученици во разни активности, манифестации, приредби. |
| **1.2**<br><br>**Анкета со наставници** | 1. Лидија Реџовиќ<br>2. Јован Аџиовски<br>3. Апостол Атанасовски<br>4. Иван Топузовски | 1.2.2<br>Согласно Законот за основно образование и Законот за локална самоуправа основач на училиштето е локалната самоуправа и во тој правец локалната средина води директна грижа за унапредувањето на квалитетот на работењето на училиштето. Воедно училиштето зема активно учество на сите настани, манифестации, јубилеи, одбележувања на разни значајни датуми на ниво на општината.<br>Врз основа на ова Наставните планови и програми и наставните помагала треба да бидат прилагодени според карактеристиките и особеностите на |

| | | |
|---|---|---|
| | | локалната средина. Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи.<br>Наставниците ги планираат наставните програми и содржини според потребите на локалната средина преку одбележување на значајни датуми, прослави, посета на објекти, посета на општината и сл.<br><br>Од спроведената анкета со наставници дознаваме дека 56,3% ја прилагодуваат наставната програма според средината и условите на училиштето, 37,5% делумно, а 6,25% не ја прилагодуваат наставната програма. |
| **1.2**<br><br>**Анкета со наставници** | 1.Лидија Реџовиќ<br>2.Јован Аџиовски<br>3. Апостол Атанасовски | **1.2.3**<br>Во 2014/2015год.<br>Одржани се отворени часови пред други наставници,директорот,педагогот и психологот. Наставниците наставните содржини интегративно ги планираат и реализираат во зависност од темата.<br><br>На прашањето: Дали во годишната програма ги планирам, ги вметнувам меѓупредметните цели (развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права, јакнење на свеста на учениците за припадноста на РМ како мултикултурно општество) - дојдовме до следните сознанија:<br>- 62,5% од наставниците позитивно се изјасниле, а 31,25% дека делумно ги планираат и вметнуваат меѓупредметните цели. |
| **1.2**<br><br>**Анкета со родители** | 1. Лидија Реџовиќ<br>2.Иван Топузовски<br>3.Апостол Атанасовски | 1.2.4<br>Учество на родителите во работата во училиштето е регулирано со неколку нивоа на одлучување: училишниот одбор на училиштето (највисоко ниво), и Совет на родители . Врз основа на ова родителот може да има голема улога за иницирање за измена и дополнување на Наставниот план и програма. Притоа се зема во предвид и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите во зависност од видот и степенот на нивното образование преку барање помош, мислење, сугестии и вклучување во разни активности соодветни на нивната професија, афинетет, моќ, влијание и углед за подобрување на материјалната основа, условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност.<br>.<br>Заради поуспешна реализација на содржините од Наставниот план и |

| | | |
|---|---|---|
| **1.3**<br><br>**Анкета со наставници** | 1. Лидија Реџовиќ<br>2.Јован Аџиовски<br>3.Иван Топузовски | програма и поквалитетна настава потребно е и вклучување на родителите во креирање на НПП.<br><br>**1.3.3**<br>За секоја од воннаставните активности е изготвен план и програма за работа од страна на одговорниот наставник.<br>Од анкетирани 24 наставника кои работат во нашето училиште,<br>на прашањето: Дали изготвуваат годишна програма за слободни ученички активности, додатна настава, одделенски час, соработка со родителите и програма за екскурзии и посети, 100 % од нив одговориле дека подготвуваат. |
| **1.3**<br><br>**Анкета со ученици**<br><br>**1.3** | 1. Лидија Реџовиќ<br>2.Иван Топузовски<br>3.Апостол Атанасовски | **1.3.1**<br>Од спроведената анкета за воннаставните активности во нашето училиште, во која беа анкетирани 19 учен, добиени се следниве резултати:<br>➢ Од анкетираните ученици, 90,25% учествуваат во некоја од слободните ученички активности кои се организираат и спроведуваат во училиштето, а само 9,75% не учествуваат во ниедна слободна ученичка активност.<br>➢ Дека во училиштето постојат соодветни и пријатни услови за организирање на слободните ученички активности позитивно се изјасниле 41,46 %, а негативно се изјасниле 58,54 %; |

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета со ученици** | 1. Лидија Реџовиќ<br>2.Јован Аџиовски<br>3.Апостол Атанасовски | **1.3.3**<br>Од спроведената анкета за вонннаставните активности во нашето училиште, во која беа анкетирани 19  ученика добиени се следниве резултати:<br><br>➢ Дека изборот во која од слободните ученички активности ќе учествува е нивни личен избор, позитивно одговориле 78,05 %, а негативно одговориле 21,95 %;<br>➢ Од анкетираните ученици, 58,54 %  учествувале во подготовката на програмата за слободните ученички активности, а 41,46 % не учествувале во подготовката на програмата за слободните ученички активности; |

## *Самоевалуација на ОУ„Братство-Единство с.Коњари општина Петровец*

**Самоевалуација на училиштето: ОУ “Братство Единство ” – Село средно Коњари**

**Подрачје 1. Наставни планови и програми**

| |
|---|
| **Резултати:** |
| **Клучни јаки страни:**<br>✓ **Во училиштето целосно се изготвуваат Наставни планови и програми за деветгодишното образование и истите се во согласност со Наставните планови и програми донесено од МОН.**<br>✓ **Наставниците изготвуваат годишни глобални,тематски и дневни планирања по сите предмети и одделенија.**<br>✓ **Училиштето нуди повеќе изборни предмети кои во целост ги задоволуваат барањата и потребите на учениците и за кои тие самостојно одлучуваат, но во согласност со родителите.**<br>✓ **Наставниците од одделенска настава во целост ги планираат и реализираат наставните содржини по моделот активна-интерактивна настава.**<br>✓ **Во училиштето постојат и успешно работат повеќе слободни ученички активности.**<br>✓ **Според условите во училиштето, се организираат вонннаставни активности во кои учество земаат голем број на ученици и истите земаат учество во ралични манифестации и натпревари каде што постигнуваат видливи резултати.** |
| **Слабости:**<br>✓ **Не се реализираат наставни програми за децата со посебни потреби.**<br>✓ **Наставниците не се стручно обучени да ги едуцираат учениците со посебни потреби.**<br>✓ **Родителите не се вклучени во креирањето на НПП и во организација на наставата.**<br>✓ **Училиштето не обезбедува услови за вклучување на учениците со посебни образовни потреби во вонннаставни активности.**<br>✓ **Во училиштето не постои начин и средство преку кое би се афирмирале вонннаставните активности и продуктите од истите.** |

## *Самоевалуација на ОУ„Братство-Единство с.Коњари општина Петровец*

**Самоевалуација на училиштето: ОУ “Братство-Единство с.Коњари општина Петровец**

**Подрачје 1: Наставни планови и програми**

| **Анализа на резултатите:** ***евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| **Во училиштето целосно се изготвени Наставните планови и програми за деветгодишното планирање, кои се во склоп на Годишната програма на училиштето.Наставните планови и програми ,како документи усвоени и доставени од Министерството за образование,во целост се реализираат секоја учебна година, по сите наставни предмети. Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активните методи и техники на учење кои го поттикнуваат критичкото мислење кај учениците.Наставните планови и програми им се достапни на увид на сите наставници кои во соработка со стручната служба во училиштето редовно се информираат за нивните измени и дополнувања.Наставниците изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања по секој предмет.**<br>**Наставниот кадар користи неколку различни медиуми т.е начини да ги информира родителите и учениците за целите на наставните планови и програми и тоа, родителите најчесто преку задолжителните родителски средби и преку индивидуални средби,а учениците на почетокот, но и во текот на целата учебна година.**<br>**Училиштето нема прилагодени наставни програми по сите предмети според можностите на децата со посебни образовни потреби но се води сметка наставниците индивидуално да го организираат воспитно-образовниот процес согласно нивните можности и интереси.**<br>**Наставните предмети кои им се нудат на учениците како можност за избор, во целост ги задоволуваат интересите и барањата на учениците. Изборните предмети во наставниот план имаат статус на наставни предмети и се реализираат во неделниот фонд на часови низ различни облици на работа.**<br>**Секој од наставниците во значителен процент ги почитува разработените насоки на училиштето за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат. Во однос на полова и етничка припадност, во нашето училиште се води сметка на еднаква распределба, подеднакво учество на сите ученици во разни активности, манифестации, приредби.**<br>**Наставниците имаат можност за интегративен пристап во одделенска настава ,како и во дел од наставните содржини во предметна настава. Интегрираното учење дава можност за целосно ангажирање на учениците во решавање на проблеми и задачи, доаѓање до нови идеи и работење со конкретни предмети, ситуации и настани.**<br>**Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи Наставниците ги планираат наставните програми и содржини според потребите на локалната средина преку одбележување на значајни датуми, прослави, посета на објекти, посета на општината и сл.** |

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.**

- **Реализација на проширени наставни програми**
- **Реализација на програми за деца со посебни образовни потртеби**
- **Афирмирање на воннаставните активности**